Врз основа на член 45 од Закон за административни службеници („Сл. весник на РМ” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18), и („Сл.весник на РСМ“бр.275/19,14/20,215/21,99/22 I 208/24), Предлогот за избор на кандидат по објавен јавен оглас и Конечна ранг листа, Директорот на ООУ ”Карпош“с.Умин Дол-Куманово ја донесе следната:

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Општинско основно училиште - Shkolla fillore komunale
"КАРПОШ" - "KARPOSH"
Бр. Nr. 04-715
26 12 20 25 год. vj.
с.Умин Дол Куманово - fsh. Umin Dol Kumanovë

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат за вработување по јавен оглас**

1.За извршител на работно место ОБН 0102 В01 001 - **Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи**, се избира кандидатот **Оливер Крстиќ** со идентификациски код 13380F9.

2.Именованиот ќе биде вработен на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе решение за вработување.

3.Оваа одлука влегува на сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

По барање на ООУ Карпош с.Умин Дол Куманово, Агенцијата за администрација за потребите на ООУ„Карпош “с.Умин Дол Куманово на ден 29.07.2025 год. го објави јавниот оглас бр.888/2025 во дневните весници „Нова Македонија“, Слободен печат“, „Лајм“ и на интернет страницата на Агенцијата за администрација за вработување на работник на работно место ОБН 0102 В01 001-**Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи**. По истекот на рокот за пријавување на кандидати, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас, формирана со решение на Директорот на Агенција за вработување бр.10-2026/7 од 24.11.2025год. во функција на спроведување на постапка за административен службеник за работите од точка 1 на оваа одлука ја спроведе првата фаза во постапка за вработување: административна селекција за административен службеник со записник бр.10-2026/8 од 04.12.2025 год. На ден 15.12.2025 год. е спроведена втората фаза од постапката за вработување: испит за административен службеник со записник бр.10-2026/12 од 15.12.2025 год. На ден 23.12.2025 година е спроведена третата фаза од постапката за вработување: проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со записник бр.10-2026/13 од 23.12.2025год.

По спроведените фази од постапката за вработување на административен службеник од страна на Агенцијата за вработување со предмет бр.10-2026/14 од 26.12.2025 год. до ООУ„Карпош“с.Умин Дол Куманово е доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог кандидати за вработување со најголем број освоени бодови за работно место бр.10-2026/15 од 26.12.2025 год., Советник за општи и нормативно правни работи-Секретар, Одделение за нормативно-правни работи, човечки ресурси и општи работи бр. Врз основа на предлогот за вработување на кандидат, Директорот на ООУ„Карпош“с.Умин Дол Куманово изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на одлуката за избор, Директорот на ООУ„Карпош“с.Умин Дол Куманово ќе донесе решение, односно ќе склучи договор за вработување на неопределено работно време.

**ПРАВНА ПОУКА**:Против оваа одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација , во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива

Директор,

Мирослав Димевски